**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 08-5

05.01 **2018 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Изјавата од управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, кој е и единствен основач и управител на Друштвото за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ Скопје, единствен основач на радиодифузерот ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, (заверена на нотар) УЗП бр.17148/2017 од 29.12.2017 година (Уп1 бр.08-5 од 04.01.2018 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-33 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, за подрачјето на Д7 - Стогово (Дебар, Маврово и Ростуша, Центар Жупа), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, албански јазик и турски јазик.

На 04.01.2018 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставена Изјава од управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, кој е и единствен основач и управител на Друштвото за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ Скопје, единствен основач на радиодифузерот ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, (заверена на нотар) УЗП бр.17148/2017 од 29.12.2017 година (Уп1 бр.08-5 од 04.01.2018 година), со која изјавува дека Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар престанува со емитување телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од

управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, кој е и единствен основач и управител на Друштвото за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ Скопје, единствен основач на радиодифузерот ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, (заверена на нотар) УЗП бр.17148/2017 од 29.12.2017 година (Уп1 бр.08-5 од 04.01.2018 година), исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Изјавата од управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, кој е и единствен основач и управител на Друштвото за услуги ЕМПЕРИЈАН ВИЗИОН ДООЕЛ Скопје, единствен основач на радиодифузерот ТРД КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, (заверена на нотар) УЗП бр.17148/2017 од 29.12.2017 година (Уп1 бр.08-5 од 04.01.2018 година), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар; и
- Агенцијата за електронски комуникации.